| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Градот и градинката празнуваат |
| **Содржина на денот** | „ Протни се под јажето “ |
| **Возраст** | 4 – 6 години |
| **Воспитувач** | Анета Симоновска |
| | |
| **Здрави и безбедни навики** | - Разговор со детето за тоа зошто треба да се практикува секојдневна физичка гимнастика за одржување на детското здравје. |
| **Активности** | - Со детето се изведуваат вежби за загревање и истегнување на детското тело.<br>- Се поставува полигон со гимнастички реквизити (или со најразлични предмети кои можат да се најдат во домот како што се: масичка, стол, клупа и слично) со акцент на вежби за провлекување под предмети со различна височина. Детето се провлекува под предметите или реквизитите , станува , може да прескокне одреден предмет или само да оди до следниот , да клекне и да се провлече повторно.<br>- Потоа може да се организира натпреварувачка игра „Протни се под јажето“, каде што двајца држат јаже и го креваат и спуштаат , а детето треба да се протне кога јажето ќе биде горе.<br>- Во пресрет на празникот „13 Ноември“ кој воедно е и патронат на градинката децата можат да го одбележат со мозаично лепење на мотив од градот Скопје. |